

**Марија Емилија Кукубајска**

**Археологија на македонскиот дух**

**КАМЕНАТА КНИГА**

На традиционалната годишна манифестација организирана од ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија - *Метрички караван*, изданието за 2019 е посветено на поети кои се родени или твореле во Штип и Гевгелија.

Во Народниот театар во Гевгелија, книгата беше промовирана од претседателката на Друштвото на Писателите на Македонија, Соња Стојменска – Елзесер, книжевен научник и есеист.

Песната КАМЕНАТА КНИГА од реномираната македонско-американска поетеса Марија Емилија Кукубајска е дел од содржината на Метричкиот караван. Дел од авторите застапени во изданието се и Михаил Ренџов, Ристо Лазаров, Васил Тоциновски, Стојан Тарапуза, Трајче Кацаров.



**КАМЕНАТА КНИГА**

Брчки - на лицето, камена месност,

сончеви резови на разумот, везови - тврди докази

во камената книга неистината од фреквенции

на времето/простор. Брчки неизбришани

од милениуми, издупчени, со купули испишани

знаци на сонцето, зраци на зреење на живот

од пред времето да се брои

од оваа точка на која сега копа, чита, стои

читателот на душата: Анѓеле, Дарјан, Душко, Емануел,

Еми, Марија, Сашко... женско, машко дете, во чо-векот.

Камената книга – светлина во материја,

дух во физика, ф-акт и езотерија,

камено срце, со стрели, триаголници, лакови,

човек – ѕвезда, во богослужба вовед, дружба,

енергијата, се концентрира...  преку Бог се интерпретира.

Камената книга студенило оддава однадвор само,

а од вселената во неа вселена - топлина на Авторот

на СЕ’ - преку предци грее, звучи:

СУМ - како и секаде и тука мојот ракопис да ве учи...

творец и на камен и на пламен,

и на неживо и сè живо - ЈАС сум, вистина, светлина, пат:

наследства ви откривам, иднина подмладувам,

ве чувам од лажниот светлоносец и крадец на идентитети.

Брчките, пра-писма врз образот на светот, камени

зраци небесни ... човекот го чинеле човечен,

со надземни знаци човечното го кревале

во него - СозДавачот свој да го бара - за љубов, милост,

род и пород, и на земја и на небо – за да мисли, да се моли,

да благодари, да ПРОСТУВА.

Во камената книга – живо камено срце

предокот наш препознал, прсти на исконот,

корени, струни на бесконечност... пресадувал,

ускладувал, од небесни констелации во камени комуникации,

од еонски ери во тахионски пештери... сонца неутрински,

деноноќни. Во Црвен Брег, Беласица, бела Пела, Цоцев Камен

во црноземни минерали и метали – Бог битисува, богатство, дух.

... Камените книги

им се откриваат на надарените само, тие што учеле

да читаат бои и резби, наследници да учат на тајни

тешки: кои крадци аждајски им риеле ризници рајски.

Камените книги

души послани, посеани по полиња -  земни култури

израснале, посеви космички, хранливи агрикултури

со посланија печатени од Сезнајниот, од детски градини

на цивилизациите - до сега: тапии на историјата на Македонија,

Светонија, иако обесчестувана во векот на лажниот, и одродена.

Сепак, и сега ќе биде - препородена од пламенот во каменот.